**20110441128**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2011 година.

Бр. 07-1778/1
1 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2005, 4/2008, 48/10 и 158/10), во членот 7 ставот (3) се менува и гласи:

„Против решение, што во управна постапка го донесува царинскиот орган, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението, преку царинскиот орган до Министерството за финансии, по која одлучува министерот за финансии или од него овластено лице.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„По исклучок на ставот (4) на овој член, царинскиот орган ќе го одложи извршувањето на донесеното решение, целосно или делумно, сѐ до правосилноста на предметното решение, во случај кога има основани причини да верува дека оспореното решение не е во согласност со царинските прописи или дека би била предизвикана ненадоместлива штета на засегнатото лице. Кога решението има за ефект наплата на увозни или извозни давачки, одложувањето на извршувањето на тоа решение може да се одобри само доколку давачките се обезбедени со поднесување на соодветна гаранција.“

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Кога решението има за ефект наплата на увозни или извозни давачки, на износот на неплатени давачки ќе се наплатува казнена камата согласно со членот 244 став (1) точка б) на овој закон.“

Член 2

Во членот 46-а ставот (1) се менува и гласи:

„Стоката внесена во царинското подрачје на Република Македонија мора да биде опфатена со влезна збирна декларација, со исклучок на стока транспортирана со средства за транспорт кои без запирање само поминуваат преку територијалните води или воздушниот простор на царинското подрачје на Република Македонија, како и стоката за која важат исклучоците од ставот (4) алинеја 3 на овој член.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„Со прописот од членот 257 на овој закон ќе се определат:

- роковите до кога влезната збирна декларација ќе се поднесе пред стоката да биде внесена во царинското подрачје на Република Македонија,
- исклучоците и отстапувањата од роковите од алинејата 1 на овој став и
- условите според кои може да се изземе или прилагоди обврската за поднесување на влезната збирна декларација, во согласност со специфичните околности и за одредени видови на транспорт на стока, начин на транспорт и економски оператори и каде што меѓународните договори предвидуваат посебни безбедносни аранжмани.“

Член 3

Во членот 46-б ставот (1) се менува и гласи:

„Министерот за финансии со прописот од членот 72 став (3) на овој закон ги пропишува збирот и форматот на податоците во влезната збирна декларација потребни за анализа на ризик и правилна примена на царинските контроли, пред сè, за цели на безбедност и сигурност.“

Во ставот (3) зборовите: „Во случај на виша сила“ се заменуваат со зборовите: „Во исклучителни околности“.

Во ставот (5) по зборот „Покрај“ се додаваат зборовите: „обврската на“.

Во ставот (6) зборовите: „На барање на лицата од ставовите (4) и (5) на овој член, царинскиот орган, може да одобри измена на“ се заменуваат со зборовите: „На лицето од ставовите (4) и (5) на овој член, на негово барање ќе му биде одобрено да измени“.

Во ставот (6) точката в) се менува и гласи:

„в) дозволил преместување на стоката.“

Член 4

Во членот 46-в став (1) во првата реченица по зборот „декларација“ се додаваат зборовите: „за стока за која била поднесена царинска декларација пред истекот на роковите од членот 46-а ставови (3) и (4) на овој закон“.

Во втората реченица зборовите: „поднесената царинската декларација мора да ги содржи најмалку податоците од“ се заменуваат со зборовите: „царинската декларација мора да ги содржи најмалку податоците неопходни за“, а по зборовите: „статус на“ се додава зборот „влезна“.

Во ставот (2) зборовите: „во форма различна“ се заменуваат со зборовите: „на начин различен“, а по зборовите: „применува на“ се додава зборот „влезната“.

Член 5

Во членот 50 став (1) втората реченица се менува и гласи: „Лицето кое ја става стоката на увид мора да се повика на влезна збирна декларација или на царинска декларација, претходно поднесена за таа стока.“

Член 6

Во членот 59 ставот (1) се менува и гласи:

„Кога стоката е опфатена со збирна декларација за привремено чување на стока во смисла на одредбите од членовите 60, 61, 62, 63 и 63-а на овој закон, формалностите потребни за одредување на царински дозволеното постапување или употреба на стоката мора да се извршат во рок од 20 дена од денот на поднесувањето на збирната декларација за привремено чување на стока."

Член 7

По членот 63 се додава нов член 63-а, кој гласи:

„Член 63-а

Начинот и постапката на привремено чување на стока и употреба на збирната декларација за привремено чување на стока се утврдуваат со прописот од членот 257 на овој закон."

Член 8

Во членот 71 точка б) зборовите: „според прописите и со одобрение на царински" се заменуваат со зборовите: „кога тоа е определено со прописот од членот 257 на овој закон или кога тоа е одобрено од царинскиот".

Член 9

Во членот 72 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Кога царинската декларација се користи како влезна збирна декларација, во согласност со членот 46-в став (1) на овој закон, таа декларација покрај пропишаните податоци потребни за конкретната постапка, мора да ги содржи и податоците за влезна збирна декларација утврдени со прописот од ставот (3) на овој член."

Член 10

Во членот 90 став (1) бројот „243" се заменува со бројот „234-а".

Член 11

Во членот 99 во воведната реченица зборот „Одобренијата" се заменува со зборовите: „Без оглед на примената на дополнителните посебни услови кои ја уредуваат предметната постапка, одобренијата".

Член 12

Во членот 105 став (1) точката б) се менува и гласи:

„б) домашна стока, во случаи и според услови определени во прописот од членот 257 на овој закон, со цел да се спречи стока која е опфатена со извозните мерки или која има корист од извозните мерки, да ги избегне или неоправдано искористи тие мерки;".

Член 13

Во членот 106 став (1) зборовите: „одредишниот царински орган" се заменуваат со зборовите: „одредишната царинска испостава".

Во ставот (2) зборовите: „појдовниот царински орган" се заменуваат со зборовите: „појдовната царинска испостава", а зборовите: „одредишниот царински орган" се заменуваат со зборовите: „одредишната царинска испостава".

Член 14

Во членот 109 ставови (1) точка а) и (2) зборовите: „одредишниот царински орган" се заменуваат со зборовите: „одредишната царинска испостава".

Член 15

По членот 109 се додава нов член 109-а, кој гласи:

„Член 109-а

Поблиските правила за спроведување на транзитната постапка, како и исклучоците од тие правила се утврдуваат со прописот од членот 257 на овој закон.“

Член 16

Членот 192-а се менува и гласи:

„(1) Стоката која се изнесува од царинското подрачје на Република Македонија, мора да биде опфатена со излезна збирна декларација, со исклучок на стока транспортирана со средства за транспорт кои без запирање само поминуваат преку територијалните води или воздушениот простор на царинското подрачје на Република Македонија, како и стоката за која важат исклучоците од ставот (2) алинеи 3 и 4 на овој член.

(2) Со прописот од членот 257 на овој закон ќе се определат:

- роковите до кога царинската декларација или излезната збирна декларација ќе се поднесе во царинската испостава на извоз пред стоката да се изнесе од царинското подрачје на Република Македонија,

- правилата за исклучоци и отстапувања од роковите од алинејата 1 на овој став,

- условите според кои може да се изземе или прилагоди обврската за поднесување на излезната збирна декларација и

- случаите во кои и условите под кои за стоката која го напушта царинското подрачје на Република Македонија не се поднесува царинска декларација, ниту излезна збирна декларација, во согласност со специфичните околности и за одредени видови на транспорт на стока, начин на транспорт и економски оператори и каде што меѓународните договори предвидуваат посебни безбедносни аранжмани.“

Член 17

Во членот 192-б став (1) зборовите: „таа се поднесува“ се заменуваат со зборовите: „таа царинска декларација се поднесува“.

Во ставот (4) зборовите: „во форма различна од“ се заменуваат со зборовите: „на начин различен од“.

Член 18

Во членот 192-в став (1) зборовите: „за што согласно со царинските прописи е потребна царинска декларација, таа се поднесува“ се заменуваат со зборовите: „за што е потребна царинска декларација, се поднесува излезна збирна декларација“.

Во ставот (2) зборовите: „царинската декларација“ се заменуваат со зборовите: „излезната збирна декларација“.

Во ставот (3) по зборовите: „податоците од“ се додава зборот „излезна“.

Член 19

Во членот 192-г ставот (1) се менува и гласи:

„Министерот за финансии со прописот од членот 72 став (3) на овој закон ги пропишува збирот и форматот на податоците во излезната збирна декларација потребни за анализа на ризик и правилна примена на царинските контроли, пред сè, за цели на безбедност и сигурност.“

Во ставот (3) зборовите: „виша сила“ се заменуваат со зборовите: „исклучителни околности“.

Во ставот (4) точка а) зборот „изнело“ се заменува со зборот „изнесува“.

Во ставот (5) зборовите: „На барање на лицата од ставот (4) на овој член, царинскиот орган може да одобри измена на“ се заменуваат со зборовите: „На лицето од ставот (4) на овој член, на негово барање ќе му биде одобрено да измени“.

Точката в) се менува и гласи:

„в) дозволил преместување на стоката;“.

Член 20

Во членот 194 став (1) точка 3 зборовите: „кои повремено се примаат од странство“ се заменуваат со зборовите: „испратени од странство од физички лица“.

Член 21

Во членот 196 став (1) на крајот на точката 14 по зборот „војните“ сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 15 по зборот „предмети“ точката се заменува со сврзникот „и“ се додава нова точка 16, која гласи:

„16) пратки со мала вредност испорачани од странство за примачи во земјата.“

Член 22

Во членот 204 став (4) по зборовите: „државен орган“ се додаваат зборовите: „општина, градот Скопје или јавно правен субјект“.

Член 23

Членот 206 се менува и гласи:

„(1) По барање на лицето од членот 204 став (1) или (3) на овој закон, царинскиот орган одобрува поднесување на општа гаранција за покривање на две или повеќе операции, за кои настанал или може да настане царински долг.

(2) Одобрението од ставот (1) на овој член ќе се дава само на лица кои ги исполнуваат следниве услови:

а) се регистрирани на царинското подрачје на Република Македонија;

б) имаат историја на почитување на царинските и даночните барања и

в) се редовни корисници на предметните царински постапки или се познати на царинскиот орган дека имаат капацитет да ги исполнат нивните обврски во однос на тие постапки.

(3) Кога треба да се поднесе општа гаранција за царински долгови или други давачки и даноци кои можат да настанат или кога треба да се поднесе општа гаранција за други давачки и даноци кои настанале, на лицето може да му се одобри да користи општа гаранција со намален износ или изземање од обврската за поднесување на гаранција под услов истиот да ги исполнува следниве критериуми:

а) задоволителен систем за управување со комерцијална и каде што е соодветно, транспортна евиденција, која овозможува соодветни царински контроли и

б) докажана солвентност.

(4) Начинот за утврдување на исполнетоста на критериумите од ставот (3) на овој член, како и начинот и постапката за издавање на одобренијата од ставовите (2) и (3) на овој член ќе се уредат со прописот од членот 257 на овој закон.“

Член 24

Членот 208 се менува и гласи:

„(1) Гаранција може да се поднесе во една од следниве форми:

а) готовински депозит или кој било инструмент еднаков на готовински депозит, во денари;

б) преземање на обврска од страна на гарант или

в) друга форма на гаранција која еднакво обезбедува дека износот на увозни или извозни давачки, кој одговара на царинскиот долг или кои било други трошоци, ќе бидат платени.

(2) Министерот за финансии поблиску ги пропишува формите на гаранции од ставот (1) на овој член и го определува начинот на нивната употреба.“

Член 25

Членот 209 се брише.

Член 26

Во членот 210 став (1) зборовите: „Банката гарант“ се заменуваат со зборот „Гарантот“.

Ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Гарантот мора да биде трето лице и мора да биде одобрен од страна на царинскиот орган.

(3) Царинскиот орган може да го одбие гарантот или предложената форма на гаранција, кога смета дека гарантот или предложената форма на гаранција не го обезбедува плаќањето на царинскиот долг во пропишаниот рок.“

Член 27

Членот 211 се менува и гласи:

„Лицето од кое се бара да поднесе гаранција има право да избере меѓу формите на гаранции предвидени во членот 208 на овој закон. Царинскиот орган може да одбие да ја прифати предложената форма на гаранција кога таа не обезбедува правилно спроведување на предметната царинска постапка. Истото ќе важи и за предложената гаранција. Царинскиот орган може да бара избраната форма на гаранција да се употребува за одреден временски период.“

Член 28

Членот 212 се брише.

Член 29

Во членот 214 став (1) зборот „враќа“ се заменува со зборот „ослободува“.

Во ставот (2) зборот „враќа“ се заменува со зборот „ослободува“, а зборот „странката“ се заменува со зборовите: „засегнатото лице, освен доколку износот за кој станува збор не го оправдува таквото дејство“.

Член 30

Во членот 215 зборовите: „заради исполнување на обврски преземени од одредени меѓународни“ се заменуваат со зборовите: „со цел да се земат предвид меѓународните“.

Член 31

Во членот 220 став (1) во првата реченица по зборот „пропишани“ се додаваат зборовите: „со прописите кои се на сила“.

Член 32

Во членот 221 став (1) зборот „странката“ се заменува со зборовите: „засегнатото лице ќе“.

Член 33

Во членот 223 зборот „соодветно“ се заменува со зборовите: „во соодветна мера“.

Член 34

Членот 228 се менува и гласи:

„Кога со царинските прописи е предвиден повластен тарифен третман на стока заради нејзиниот вид или крајна употреба или ослободување или целосно или делумно ослободување од увозни или извозни давачки согласно со членовите 20, 95, 158 или од 193 до 203 на овој закон, повластен тарифен третман, ослободување или целосно или делумно ослободување, исто така, се применува во случаите кога царинскиот долг настанал согласно со членовите 217 до 220, 225 или 226 на овој закон, под услов однесувањето на засегнатото лице да не вклучува измамничко дејствување или очигледна небрежност и под услов да докаже дека другите услови за примена на повластен тарифен третман, ослободување или целосно или делумно ослободување се исполнети."

Член 35

Во членот 230 став (2) зборовите: „за стоката" се заменуваат со зборовите: „стоката е во ситуација во која".

Во ставот (4) зборот „пресметан" се заменува со зборовите: „евидентиран во сметководствената евиденција на царинскиот орган".

Член 36

Во членот 231 став (1) алинеја 2 зборовите: „за стоката" се заменуват со зборовите: „стоката е во ситуација во која".

Во алинејата 3 точката на крајот од реченицата се брише, а по зборовите: „на овој став" се додаваат зборовите: „во рокот утврден согласно со прописот од членот 257 на овој закон".

Член 37

Во Поглавјето 7 насловот на Главата 3 се менува и гласи: „Наплата на износот на царинскиот долг" и се додава нов поднаслов кој гласи: „Дел 1. Евидентирање во сметководствена евиденција и известување на должникот за износот на давачките".

Член 38

Членот 233 се менува и гласи:

„(1) Секој поединечен износ на увозни давачки или извозни давачки кои произлегуваат од царинскиот долг (во натамошниот текст: износ на давачки), царинскиот орган го пресметува веднаш штом дојде до потребните податоци и истиот веднаш го внесува во сметководствената евиденција (евидентирање во сметководствена евиденција).

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуват:

а) кога се воведени привремени антидампинг или компензаторни давачки;

б) кога законски долгуваниот износ го надминува износот утврден врз основа на задолжителна информација или

в) кога износот на давачки е помал од износот определен со прописот од членот 257 на овој закон.

(3) Царинскиот орган нема да ги евидентира во сметководствената евиденција износите на давачки, за кои не било возможно да се извести должникот во рокот определен со членот 235 став (4) на овој закон."

Член 39

Членот 234 се менува и гласи:

„(1) Кога царинскиот долг настанал како резултат на прифаќање на царинска декларација за стока ставена во царинска постапка, освен за постапка на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки или заради секое друго дејствие

кое има ист правен ефект како прифаќање на царинска декларација, износот кој соодветствува на тој царински долг се евидентира во сметководствената евиденција веднаш по пресметувањето, а најдоцна вториот ден од денот на пуштањето на стоката.

(2) Под услов плаќањето да е обезбедено, вкупниот износ на давачките за сета стока пуштена на едно исто лице во рок определен од страна на царинскиот орган, а кој не може да биде подолг од 31 ден, може да се опфати со еднократно евидентирање во сметководствената евиденција на крајот на истекот на тој рок. Евидентирањето во сметководствената евиденција мора да се спроведе најдоцна пет дена по истекот на одобрениот рок.

(3) Кога е пропишано дека стоката може да се пушти под услов да бидат исполнети одредени услови пропишани со прописите на Република Македонија кои го уредуваат или одредуваат износот на долгот или неговата наплата, евидентирањето во сметководствената евиденција ќе се врши не подоцна од два дена од денот во кој износот на царинскиот долг или обврската за плаќање на давачките кои резултираат од тој долг се определени или утврдени.

(4) Доколку царинскиот долг се однесува на привремена антидампинг или компензаторна давачка, тие давачки ќе се евидентираат во сметководствената евиденција не подоцна од два месеца по објавувањето на прописот кој воведува дефинитивна антидампинг или компензаторна давачка во „Службен весник на Република Македонија“.

(5) Доколку царинскиот долг настанал под услови различни од наведените во ставовите (1) и (2) на овој член, износот на давачките ќе се евидентира во сметководствената евиденција во рок од два дена од денот кога царинскиот орган е во можност да:

а) го пресмета износот на давачките и

б) го утврди должникот.“

Член 40

По членот 234 се додава нов член 234-а, кој гласи:

„Член 234-а

(1) Кога износот на давачки кој произлегува од царинскиот долг не е евидентиран во сметководствената евиденција согласно со членот 234 на овој закон или е евидентиран во сметководствената евиденција во помал износ од законски долгуваниот, износот на давачки кој треба да се наплати или кој преостанува да се наплати ќе се евидентира во сметководствената евиденција во рок од два дена од денот кога царинскиот орган ќе ја осознае ситуацијата и ќе биде во можност да го пресмета законски долгуваниот износ и да го утврди должникот (дополнително евидентирање во сметководствената евиденција).

(2) Освен во случаите кои се однесуваат на членот 233 ставови (2) и (3) од овој закон, дополнително евидентирање во сметководствената евиденција нема да се изврши кога:

а) првичната одлука давачките да не се евидентираат во сметководствената евиденција или да се евидентираат во сметководствената евиденција во износ помал од законски долгуваниот износ, е донесена врз основа на одредби и акти кои подоцна се поништени;

б) законски долгуваниот износ на давачки не е евидентиран во сметководствената евиденција поради грешка сторена од царински орган, која грешка не можела да биде разумно откриена од лицето одговорно за плаќање и покрај неговото постапување со добра намера и во согласност со пропишаните одредби од прописите кои се на сила во однос на царинската декларација. Во однос на грешката и добрата намера и следново ќе се применува:

- кога преференцијалниот статус на стоката е утврден врз основа на систем на административна соработка со служби од друга земја, а издавањето на сертификатот од тие служби се докаже дека е неправилно, претставува грешка која не можела разумно да се открие,

- издавањето на неточен сертификат не претставува грешка кога сертификатот е издаден врз основа на неточно прикажани факти од страна на извозникот, освен ако е особено евидентно дека службите кои го издале сертификатот знаеле или морале да знаат дека стоката не ги задоволува пропишаните услови за добивање на преференцијален третман,

- одговорното лице може да се повика на добра намера кога може да докаже дека во вршењето на предметната трговска операција се однесувал со должно внимание сите услови за преференцијален третман да бидат исполнети и

- одговорното лице не може да се повика на добра намера ако во „Службен весник на Република Македонија" е објавено известување дека постои основ за сомневање дека повластената земја не го применува правилно системот на преференцијали или

в) кога износот на давачки е помал од износот определен со прописот од членот 257 на овој закон.

(3) Со цел да се спречи бесправно стекнување на финансиска добивка од страна на царинскиот должник, ќе се наплаќа компензаторна давачка, дополнително од износот на давачките кои се предмет на дополнително евидентирање во сметководствената евиденција. Оваа давачка ќе се пресметува на износот на неплатени давачки, од денот кога царинскиот долг настанал, врз основа на членовите 216 до 220 или 224 до 226 на овој закон, до денот на плаќањето. Компензаторната давачка од овој став ќе се пресметува со примена на референтната каматна стапка од членот 240-б став (2) точка б) и член 244 став (1) точка б) на овој закон, зголемена за седум процентни поени. Компензаторната давачка од овој став ќе се наплаќа за сите давачки и даноци кои царинскиот орган ги наплаќа согласно со овој или друг закон."

Член 41

Членот 235 се менува и гласи:

„(1) Веднаш по извршеното евидентирање во сметководствената евиденција, должникот се известува за износот на давачките во согласност со соодветните постапки.

(2) Кога износот на давачките кој треба да се плати е внесен во царинската декларација, царинскиот орган за износот не го известува должникот, согласно со ставот (1) на овој член, освен ако наведениот износ на давачки од декларацијата не соодветствува со износот утврден од царинскиот орган.

(3) При примена на ставот (2) од овој член, пуштањето на стоката од страна на царинскиот орган ќе биде еднакво на известување на должникот за износот на давачките евидентиран во сметководствената евиденција. Меѓутоа, кога се применува членот 234 став (2) на овој закон, пуштањето на стоката нема да се смета за еднакво на известување на должникот.

(4) Известување на должникот за долгот нема да се спроведува по истекот на рокот од три години од денот на настанувањето на долгот. Овој рок се прекинува од моментот на поднесување на жалба се до моментот на траење на жалбената постапка спроведена во согласност со членот 7 став (3) на овој закон.

(5) Кога царинскиот долг е последица на дејствие кое во моментот на извршување можело да резултира со кривична постапка должникот, под условите утврдени со прописите кои се на сила, може да биде известен за износот на долгот и по истекот на рокот од три години наведен во ставот (4) на овој член."

Член 42

По членот 235 се додава нов поднаслов кој гласи: „Дел 2. Временски рок и постапки за плаќање на износот на давачки".

Член 43

Членот 236 се менува и гласи:

„(1) Износот на давачките за кој се известени, согласно со членот 235 на овој закон должниците мора да го платат во следниве рокови:

а) без оглед на примената на одредбите на членот 7 став (5) од овој закон, ако лицето нема право на некоја од поволностите за плаќање наведени во членовите 238 до 240-б на овој закон, плаќањето мора да се изврши во рок од десет дена од известувањето на должникот за долгуваниот износот на давачки.

Во случај на збирно евидентирање во сметководствената евиденција под условите определени во членот 234 став (2) на овој закон, рокот за плаќање ќе биде определен така што нема да му овозможи на должникот да добие подолг рок за плаќање од оној кој би му бил одобрен за одложено плаќање.

Царинскиот орган на барање на должникот може да одобри продолжување на рокот за плаќање доколку износот на давачките кои треба да се платат е резултат на постапка на дополнителна наплата. Ваквото продолжување на рокот, без оглед на примената на одредбите на членот 240-б на овој закон, нема да го надмине времето потребно на должникот за превземање на соодветни дејствија за исполнување на неговата обврска или

б) ако лицето има право на некоја од поволностите за плаќање наведени во членовите 238, 239, 240, 240-а и 240-б на овој закон, плаќањето мора да се изврши не подоцна од истекот на рокот или роковите определени за тие поволности.

(2) Со прописот од членот 257 на овој закон може да се определат случаите и условите во кои обврската на должникот за плаќање на давачките може да се одложи и тоа:

- кога е поднесено барање за простување на долгот согласно со членовите 250, 252 или 253 на овој закон,

- кога стоките се привремено одземени со цел дополнително да се одземат согласно со членот 247 став (1) точка в) алинеја 2 или точка г) на овој закон или

- кога царинскиот долг настанал согласно со членот 218 на овој закон и кога се утврдени повеќе од еден должник.“

Член 44

Членот 238 се менува и гласи:

„Кога износот на давачките којшто треба да ги плати засегнатото лице се однесува на стока декларирана за царинска постапка која вклучува обврска за плаќање на таквите давачки, по барање на тоа лице, царинскиот орган ќе одобри одложување на плаќање на тој износ под условите пропишани во членовите 239 и 240 на овој закон.“

Член 45

Членот 239 се менува и гласи:

„Одобрувањето на одложување на плаќање е условено со поднесување на гаранција од барателот, согласно со членот 208 на овој закон.“

Член 46

Членот 240 се менува и гласи:

„(1) Царинскиот орган ќе одлучи кој од следниве системи на одложено плаќање ќе се применува за сите одложени плаќања:

а) одложено плаќање се одобрува за секој износ на давачки поединечно евидентирани во сметководствената евиденција;

б) одложено плаќање се одобрува за износите на давачки кои се наплаќаат за сите стоки пуштени за едно исто лице во текот на календарска недела или

в) одложено плаќање се одобрува за износите на давачки кои се наплаќаат за сите стоки пуштени за едно исто лице во текот на календарскиот месец.

Меѓутоа, царинскиот орган може да одлучи системот од точката а) на овој став и кој било од системите од точките б) и в) на овој став, да се применуваат паралелно.

(2) Временските рокови за одложено плаќање на износите на давачки се следни:

а) во системот од ставот (1) точка а) на овој член секој износ на давачки внесени во сметководствената евиденција мора да се плати во рок од 30 дена од денот по датумот на кој износот на давачките бил евидентиран во сметководствената евиденција;

б) во системот од ставот (1) точка б) на овој член износите на давачките мора да се платат во петокот од четвртата недела по таа календарска недела и

в) во системот од ставот (1) точка в) на овој член износите на давачките ќе се платат до шеснаесеттиот ден од месецот по тој календарски месец.“

Член 47

По членот 240 се додаваат два нова члена 240-а и 240-б, кои гласат:

„Член 240-а

(1) Одложување на плаќање нема да се одобри за износот на давачки кои, иако се однесуваат на стока ставена во постапка која вклучува обврска за плаќање на тие давачки, се евидентирани во сметководствената евиденција во согласност со важечките одредби за прифаќање на непотполна декларација, доколку декларантот по истекот на пропишаниот рок не доставил податоци неопходни за конечно одредување на царинската вредност на стоката или не ги доставил податоците или документите кои недостасувале при прифаќањето на непотполната декларација.

(2) Одложување на плаќање може да се одобри во случаите од ставот (1) на овој член кога износот на давачки кој треба да се плати бил евидентиран во сметководствената евиденција пред истекот на рокот од 30 дена од денот на евидентирањето во сметководствената евиденција на првобитно пресметаниот износ, или ако не бил евидентиран во сметководствената евиденција, од денот на прифаќање на декларацијата која се однесува на предметната стока. Времетраењето на одложеното плаќање одобрено под вакви околности не смее да трае подолго од денот на истекот на рокот кој согласно со членот 240 на овој закон е одобрен за првобитно утврдениот износ на давачки, или би бил одобрен доколку законски долгуваниот износ бил евидентиран во сметководствената евиденција кога предметната стока била декларирана.

Член 240-б

(1) Царинскиот орган може да му одобри на должникот и други поволности за плаќање поинакви од одложеното плаќање.

(2) Одобрувањето на поволностите за плаќање од ставот (1) на овој член ќе:

а) биде условено со поднесување на гаранција и

б) резултира со наплата на камата на износот на давачките во висина на референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата утврдена од страна на Народната банка на Република Македонија за соодветниот период, зголемена за пет процентни поени.

(3) Видовите на поволностите за плаќање од ставот (1) на овој член ќе се уредат со прописот од членот 257 на овој закон.

(4) Каматата од ставот (2) точка б) на овој член ќе се применува за сите давачки и даноци кои царинскиот орган ги наплаќа согласно со овој или друг закон.“

Член 48

Членот 241 се менува и гласи:

„Какви и да се поволностите за плаќање одобрени на должникот, должникот може да го плати целиот или дел од износот на давачките и пред да истече рокот кој му бил одобрен за плаќање.“

Член 49

Членот 243 се брише.

Член 50

Членот 244 се менува и гласи:

„(1) Кога долгуваниот износ на давачки не е платен во пропишаниот рок:

а) царинскиот орган ќе ги искористи сите можности кои му стојат на располагање согласно со прописите кои се на сила, вклучувајќи и присилна наплата за да се обезбеди плаќање на тој износ во согласност со Законот за даночна постапка.

Со прописот од членот 257 на овој закон може да бидат усвоени посебни одредби кои ќе важат за гарантите во рамките на транзитната постапка и

б) на долгуваниот износ на давачки се наплатува казнена камата, од датумот на истекување на пропишаниот рок сé до датумот на плаќање, во висина на референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата утврдена од страна на Народната банка на Република Македонија за соодветниот период, зголемена за седум процентни поени.

(2) Извршен наслов при извршување, односно присилна наплата е:

а) извршна одлука на царинскиот орган;

б) царинска декларација и

в) пресметка на увозни и други давачки во патничкиот промет на која е наведена клаузула на извршност.

(3) Царинскиот орган може да се откаже од наплата на казнена камата кога:

а) износот на казнената камата не го надминува износот определен согласно со прописот од членот 257 на овој закон или

б) давачките ќе се платат пет дена по истекот на рокот определен за нивната уплата.

(4) Казнената камата од ставот (1) точка б) на овој член ќе се применува за сите давачки и даноци кои царинскиот органи ги наплаќа согласно со овој или друг закон.“

Член 51

Членот 245 се менува и гласи:

“Каматата од членот 240-б став (2) точка б), казнената камата од членот 244 став (1) точка б) и компензаторната давачка од членот 234-а став (3) на овој закон, мора да се плати во рок од десет дена од денот на известувањето на должникот за износот на каматата или износот на компензаторната давачка.“

Член 52

Во членот 246-а ставот (2) се менува и гласи:

„Министерот за финансии ги пропишува постапките за евидентирање во сметководствената евиденција на износот на давачките.“

Член 53

Во членот 247 ставот (1) се менува и гласи:

„Без оглед на одредбите кои се на сила во однос на застареноста на царински долг или ненаплата на таквиот долг во случај на правно утврдена несолвентност на должникот, царинскиот долг се гаси:

а) со плаќање на износот на давачките;

б) со простување на износот на давачките;

в) кога, во однос на стоката декларирана за царинска постапка која вклучува обврска за плаќање на давачки:

- царинската декларација се поништува во согласност со членот 76 на овој закон и

- стоката пред нејзиното пуштање е или привремено одземена и истовремено или подоцна одземена, уништена по налог на царинскиот орган, уништена или отстапена во согласност со членот 191 на овој закон, уништена или неповратно загубена како резултат на видот и карактеристиките на стоката или непредвидливи околности или виша сила и

г) кога стоката во однос на која настанал долг согласно со членот 217 на овој закон е привремено одземена и истовремено или подоцна е одземена.“

Во ставот (2) по зборовите: „случај на“ се додаваат зборовите: „привремено одземање и“.

Член 54

Во членот 249 став (1) точка б) зборот „пресметувањето“ се заменува со зборовите: „евидентирањето во сметководствената евиденција“.

Член 55

Во членот 250 став (1) зборовите: „пресметан спротивно на членот 243“ се заменуваат со зборовите: „евидентиран во сметководствената евиденција спротивно на членот 234-а став (2)“.

Во ставот (2) зборот „пресметани“ се заменува со зборовите: „евидентирани во сметководствена евиденција“, зборот „пресметан“ се заменува со зборовите: „евидентиран во сметководствена евиденција“, а зборовите: „членот 243“ се заменуваат со зборовите: „членот 234-а став (2)“.

Во ставот (3) зборот „пресметувањето“ се заменува со зборовите: „евидентирањето во сметководствена евиденција“, а зборот „странката“ се заменува со зборовите: „засегнатото лице“.

Во ставот (5) зборот „странката“ се заменува со зборовите: „засегнатото лице“, а зборовите: „била спречена“ се заменуваат со зборовите: „било спречено“.

Член 56

Во членот 251 зборот „странката“ се заменува со зборовите: „засегнатото лице“.

Член 57

Во членот 252 став (1) зборовите: „пресметани давачки“ се заменуваат со зборовите: „давачки евидентирани во сметководствената евиденција“.

Во ставот (3) зборот „странката“ се заменува со зборовите: „засегнатото лице“, а зборовите: „царински дозволените“ се заменуваат со зборовите: „претходно наведените царински дозволени“.

Во ставот (5) втората реченица се менува и гласи: „Царинските органи можат да одобрат овој рок да се надмине во соодветно оправдани исклучителни случаи.“

Член 58

Во членот 253 став (1) алинеја 2 зборовите: „на странката не можат да и се“ се заменуваат со зборовите: „на засегнатото лице не можат да му се“, а зборовите: „се определуваат и поблиските услови“ се заменуваат со зборовите: „може да се определат и посебните услови“.

Во ставот (2) по првата се додава нова реченица која гласи: „Меѓутоа, царинските органи можат да одобрат овој рок да се надмине во соодветно оправдани исклучителни случаи.“

Член 59

Членот 255 се менува и гласи:

„Враќањето од страна на надлежниот царински орган на увозните или извозните давачки или на камата или казнена камата наплатени за плаќањето на тие давачки се врши без плаќање на камата од страна на царинскиот орган. Меѓутоа, камата се плаќа кога решението за одобрување на барањето за враќање не е спроведено во рок од три месеци од денот на неговото донесување. Износот на каматата ќе се утврди во согласност со членот 240-б став (2) точка б) на овој закон.“

Член 60

Во членот 262 став (1) зборот „три“ се заменува со зборот „пет“.

Во ставот (2) зборот „пет“ се заменува со зборот „десет“.

Член 61

Во членот 264 став (1) точката 5 се менува и гласи:

„не поднесе влезна збирна декларација или поднесе влезна збирна декларација по истекот на пропишаниот рок (член 46-а);“.

По точката 39 се додава нова точка 40, која гласи:

„40) не поднесе излезна збирна декларација или поднесе излезна збирна декларација по истекот на пропишанот рок (член 192-а).“

Член 62

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 9, 10, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 24, 25, 26, 27, 28, 40, 43, 44, 45, 46, 47, 49, 50, 51, 55, 59, 60, 61 и 62 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

Член 63

Во Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10), во членот 14 зборовите: „со влегувањето во сила на прописот од членот 257 на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „од 1 јануари 2012 година“.

Член 64

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.